ОПШТИНА ПРИЛЕП
-Локална самоуправа-
Бр. 03-1608/1
01. 07. 2020 год.
ПРИЛЕП

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0307-1513/1
01 07 2020 год.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA

# АНЕКС

**на Договорот за регулирање на меѓусебните односи при изведување на работи, реконструкција на фудбалски стадион и ревитализација на игралиштето во склоп на стадионот, како и поставување на рефлекторско осветлување на фудбалскиот стадион во Општина Прилеп**

Склучен на ден 01.07.2020 година во Скопје, помеѓу:

**I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ:**

**1. ОПШТИНА ПРИЛЕП – Градоначалник на Општина Прилеп,** со седиште на ул. Питу Гули бр. 2 во Прилеп, застапувана од Градоначалникот Г-дин Илија Јованоски (овде и во понатамошниот текст само: **Општина**)

и

**2. ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА,** со седиште на бул. АСНОМ бр. 21 во Скопје, застапувана од Претседателот Г-дин Муамед Сејдини (овде и во понатамошниот текст само: **ФФМ**)

**Член 1**

Договорните страни (1) Општина Прилеп - Градоначалник на Општина Прилеп од една страна и (2) Фудбалска Федерација на Македонија од друга страна имаат склучено Договор за регулирање на меѓусебните односи при изведување на работи, реконструкција на фудбалски стадион и ревитализација на игралиштето во склоп на стадионот, како и поставување на рефлекторско осветлување на фудбалскиот стадион во Општина Прилеп, заведен во Општина Прилеп под дел. бр. 03-2392/1 од 30.10.2015 година и во ФФМ под дел. бр. 0307-1721/1 на 30.10.2015 година (во понатамоштниот текст само: **основен Договор**).

**Член 2**

На основа на член 12 став 3 од основниот Договор, а согласно барањето од страна на Општина Прилеп наместо засејвање со трева на ново изграденото фудбалско играиште да биде поставен тревен бусен од страна на ФФМ, договорните страни го склучуваат овој Анекс кон основниот Договор.

**Член 3**

Предмет на овој Анекс е измена и дополнување на одредбите од основниот Договор, детално опишан во член 1.

**Член 4**

Се врши измена и дополнување на Член 6 став 2 од основниот Договор, во делот *„(2) Фудбалска Федерација на Македонија се обврзва да ги изввршии следните работи:„* па новиот изменет и пречистен текст на „Член 6 став 2„ ќе гласи:

**Член 3**

**(2) Фудбалската Федерација на Македонија се обврзува да ги изврши следните работи:**

- Во соработка со УЕФА да обезбеди етаблирана компанија која ќе изврши рехабилитација на тревнатата површина на фудбалското игралиште со поставување на нов дренажен систем, нов автоматски систем за иригација - полевање, нова песочна подлога и тревен бусен од природна трева.

- Да обезбеди меѓународен и домашен надгледувач на изведување на работите, при што меѓународниот ќе биде предложен од страна на УЕФА, а домашниот од страна на ФФМ.

- Во соработка со УЕФА да обезбеди етаблирана компанија за поставување на рефлектори за осветлување на фудбалкиот стадион.

**Член 5**

Се врши дополнување на основниот Договор со воведување на нова одредба – нов член (дополнување со нов член) именуван како Член 6-А, па новиот „Член 6-А„ ќе гласи:

**Член 6-А**

По однос на предвидените работи и обврски кои Општина Прилеп има(ла) обврска да ги изврши и исполни, согласно член 6 стан 1, истата со склучување на овој Анекс изјавува и се обврзува дека брзо и навремено:

- Да обезбеди адекватен приклучок на електрична енергија за непречено функционирање на поставените рефлектори (осветлување);
- Да изврши исплата на надоместокот за изведба на постојан приклучок на електродистрибутивната мрежа на ЕВН - Македонија на свој трошок и да обезбеди постојан приклучок на електродистрибутивната мрежа со моќност дефинирана во Основниот проект (фаза електрика) со цел да се обезбеди непречено функционирање на осветлувањето (поставените рефлектори) поставени на стадионот;
- По целосна реализаци на обврските од страна на ФФМ, да спроведе постапка за поврзување на објектот кон комплетната инфрастуктурна мрежа со цел ставање во функција на стадионот и непречено функционирање на истиот согласно намената која ја има (струја, вода, канализација, интернет и слично)
- По извршен технички преглед од страна на Надзорниот инженер и по изготвен Извештај за изведени работи, истите ќе бидат доставени до Општината заедно со целата потребна документација, по што Општината има обврска веднаш истиот ден да го превземе објектот и истиот да го стави во употреба;
- По изградба т.е. реализација на проектот, целосното инвестиционо и редовно одржување, вклучително и тековното одржување на фудбалското игралиште со природна трева (поставениот бусен) вклучително и одржувањето на целиот фудбалски стадион и содржините во/на него, како што се осветлувањето, соблекувалните, службените простории и сите други содржини и простории во рамките на стадионот, се целосна обврска и на терет на Општина Прилеп. Одржувањето на фудбалското игралиште со природна трева (поставениот бусен) Општината ќе го реализира во согласност со стандардите предвидени за одржување на фудбалски игралишта со природна трева, утврдено согласно Правилниците на ФФМ, УЕФА и ФИФА, под надзор на ФФМ или пак под надзор на лице овластено од страна на ФФМ.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA

**Член 6**

Се врши дополнување на основниот Договор со воведување на нова одредба – нов член (дополнување со нов член) именуван како Член 6-Б, па новиот „Член 6-Б„ ќе гласи:

**Член 6-Б**

**(1) Предавање на фудбалското игралиште со природна трева (поставениот бусен) и рефлекторското осветлување**

По изградба т.е. реализација на проектот и целосно исполнување на обврските од страна на ФФМ, ќе биде извршено предавање на фудбалското игралиште со природна трева (поставениот бусен) и рефлекторското осветлување од ФФМ на Општина Прилеп, за што ФФМ по претходен договор со Општина Прилеп писмено ќе ја повика Општината за денот и часот на примопредавањето.

Местото (локацијата) на примопредавање е стадионот во Прилеп, а во случај на денот на примопредавањето евентуално не дојде претставник од Општината, ќе се смета дека примопредавањето е извршено.

На денот на примопредавањето од страна на ФФМ ќе биде доставен и предаден Извештај од надзор за изведеното рефлекторско осветлување, Извештај од надзор за изведената и поставена природна трева (поставениот бусен) и друга придружна документација со која ФФМ располага. Доколку на денот на примопредавањето нема претставник од Општината, документацијата од овој став ќе биде доставена до Општина Прилеп, преку архивата на општина Прилеп.

**Член 7**

Одредбите од овој Анекс стапуваат на сила на денот на неговото склучување (потпишување) од страна на двете договрони страни.

**Член 8**

Во се друго што не е предмет на измена и дополнувања согласно овој Анекс, остануваат на сила и да важат одредбите од основниот Договор, детално опишан во член 1.

**Член 9**

Овој Договор е составен во 4 (четри) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока.

**Договорни страни:**

**ОПШТИНА ПРИЛЕП**
**Градоначалник на Општина Прилеп**

Г-дин Илија Јованоски

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Г-дин Муамед Сејдини

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА FOOTBALL FEDERATION OF MACEDONIA ФФМ